# МЕСЕЧНИК

## за криминалот од омраза

**ЈУНИ 2019**

Кривичните дела мотивирани од нетолеранција, односно предрасуди кон одредена група во општеството се опишува како криминал од омраза. За неговото постоење мора да бидат исполнети два услова: делото мора да е предвидено во кривичното право и сторувањето мора да е мотивирано од некоја предрасуда. Мисијата на ОБСЕ во Скопје го поддржува Хелсиншкиот комитет при регистрацијата и мапирањето на делата од омраза. Овој месечник обезбедува прикажување на сите регистрирани инциденти во текот на еден месец.

## ИНЦИДЕНТИ

**Предизвикани од омраза овој месец** 15

### ВИД НА ИНЦИДЕНТ

- 3 оштетување на имот
- 0 уништување на симболи
- 0 телесна повреда
- 0 разбојништво
- 0 предизвикување на општа опасност
- 11 насилство
- 0 предизвикување на етничка, верска и расна нетрпеливост
- 0 загрозување на сигурноста
- 1 Ширење на расистички и ксенофобичен материјал

## РЕАКЦИИ

0 **Реакции овој месец**

### ВИД НА РЕАКЦИЈА - ОСУДА

- 0 од функционер
- 0 религиски водач
- 0 граѓанско здружение
- 0 протест
- 0 отстранување последица
- 0 друго

### КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЖРТВАТА:

| етничка припадност | верска припадност | политичка припадност | сексуална ориентација | боја на кожа/ раса |
|---|---|---|---|---|
| 93.4% | 0.0% | 6.6% | 0.0% | 0.0% |

**Вкупен број на инциденти во 2019 година: 109**

| ЈАН | ФЕВ | МАР | АПР | МАЈ | ЈУН | ЈУЛ | АВГ | СЕП | ОКТ | НОЕ | ДЕК |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 17 | 8 | 17 | 30 | 22 | 15 | - | - | - | - | - | - |




### ВО ЈУНИ 2019 ГОДИНА

5 : 10

верификувани : неверификувани

### ИНСТИТУЦИОНАЛЕН ОДГОВОР

- откриени сторители .................................. 14
- кривични пријави .................................... 2
- прекршочни пријави ....................................
- тековни судења ......................................

### ИНЦИДЕНТИ СПОРЕД ЛОКАЦИЈАТА

Скопје **14**

Македонска Каменица **1**




### Издвоен инцидент

Двојно зголемен број на инциденти сторени од омраза

Во месец Јуни 2019 регистрирани се вкупно 15 инциденти од омраза, од кои 14 се сторени поради етничка припадност, а 1 поради сексуална ориентација. Најмогу инциднети се регистрирани во Скопје (14), освен еден кој е во Македонска Каменица. а од поднесените кривични пријави една е за кривично дело Ширење расистички и ксенофобичен материјал, а другата за Насилство. Трендот продолжува и 7 од жртвите се деца, а дури 10 сторители се малолетни (лица до 18 години).

Овој месец ги издвојуваме инцидентите кои се случија на прославата на ракометниот клуб „Вардар" на плоштадот Македонија и околината:
На 02.06.2019 година во времето од 20,10 до 23,50 часот во Скопје на Плоштад „Македонија", одржан е јавен собир (прослава), по повод победата на ракометниот клуб „Вардар". За време на прославата, пријавено е дека било оштетено патничко моторно возило "Ауди А3" со скопски регистарски ознаки на булеварот "Гоце Делчев". Возилото било оштетено од повеќе лица кои фрлале кон него со бекатон плочки. Притоа со телесна повреда на левата рака се здобил Ф.М. (18). Во врска со настанот од страна на Единицата „АЛФА" биле приведени пет малолетници на возраст од 14 до 17 години, сите од Скопје. На улицата „11-ти Октомври" пред Собранието на РСМ било оштетено патничко моторно возило "Шевролет Спарк" сопственост на МВР. Т.П.(17) од Скопје била повредена од пиротехнички средства на Плоштад Македонија и се здобила со изгореници во пределот на нозете. Исто така, приведен е и Ж.М.(36) од Скопје поради нарушување на јавниот ред и мир пред Собранието на РСМ.

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

OSCE Organization for Security and Co-operation in Europe
OSCE Mission to Skopje

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЗЛОСТОРСТВА ОД ОМРАЗА

zlostorstvaodomraza.mk
helkom@mhc.org.mk
++389 (0)2 3119 073